Општина Охрид

Република Северна Македонија
Општина Охрид
Единица на локална самоуправа
Бр. 09-652/5
11.08 2020 год.
ОХРИД

Градоначалник на Општина Охрид

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

Тел. (046) 262-492;262-493
www.ohrid.gov.mk
E-Mail:
gradonacalnik@ohrid.gov.mk

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа, член 34 од Статутот на општина Охрид и објавениот јавен повик бр.26-652/1 од 22.01.2020 година, а согласена донесената Информација на Владата на РСМ за намалување на непродуктивни расходи, Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК БР. 26-652/1 од 22.01.2020 ГОДИНА

1.Со цел намалување на непродуктивните трошоци во време на пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД 19, се поништува Јавниот повик за финансирање на проекти од областа на одржливиот локален економски развој бр.26-652/1 објавен од страна на општина Охрид на ден 22.01.2020 година.
2. Се задолжува Секторот за туризам и локален економски развој да го спроведе оваа решение со подготовка на известување за поништување на јавниот повик и негово објавување на општинската веб страна.
3.Со донесување на ова Решение престануваат да важат обврските утврдени со решение за техничка евалуација бр.09-742/1, донесено од страна на Градоначалникот на општината на ден 23.01.2020 година.
4. Решението да се достави до Архива, Секторот ТЛЕР како и до членовите за комисија формирана со решение бр. 09-742/1.
5. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 22.01.2020 година, согласно донесена Одлука на Совет на општина Охрид, Секторот ТЛЕР објави јавен повик за доставување на проектни предлози за финансирање на проекти од областа на одржливиот економски развој и туризам за 2020 година. Со решение бр.09-742/1 беше формирана комисија со задолжение за спроведување на техничка евалуација на прибраните апликации, нивно рангирање согласно изготвен правилник, надзор и контрола на тековните активности согласно потпишаните договори, ревизија и евалуација на времени и завршни наративни и финансиски извештаи како и подготовка на решенија за исплата. Со појавата на пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД 19, а со цел намалување на непродуктивните трошоци поради справување со здравствено-економската криза, од Владата на Р.С.Македонија добиена е информација со изнесени заклучоци во која во точка 8 се препорачува на единиците за локална самоуправа да ги почитуваат донесените мерки за намалување на расходи и да се воздржат од предизвикување на трошоци кои не придонесуваат во справување со Корона вирусот.
Градоначалникот на општината при донесување на ова одлука го зеде во предвид и го прифати предлогот на комисијата за поништување даден во изготвениот извштај за спроведен јавен повик.

Врз основа на горенаведеното, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ОПШТИНА ОХРИД**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Д-Р КОНСТАНТИН ГЕОРГИЕСКИ**

Република Северна Македонија
Градоначалник на Општина
Охрид